## ИЗЛОЖБА ВО „ПРЕС ТУ ЕГЗИТ“

# Берберницата на Искра Димитрова

Еднодневниот проект „HISTORYOFASEXUALITY“ на авторката Искра Димитрова ќе биде претставен вечерва, во галеријата „Прес ту егзит“, во 21 часот.

Проектот е инсталација, која претставува ликовна транскрипција на една берберница како простор на комуникација, проследен со музички аранжман на Дамјан Цветков-Димитров.

Галеријата „Прес ту егзит“, во која ќе се одвива проектот, се наоѓа непосредно до просторот во кој до пред некое време функционираше берберницата „Цафуре“. Предметите, употребени во инсталацијата, се автентични: берберското столче е од „Естетика“, каде што берберот Ружди за првпат во Скопје почнал да ги прави фризурите „Џон Траволта“, а предметите, мирисот и звукот се позајмени од познати скопски берберници.

- Берберницата, во историјата на градот Скопје, била ексклузивно машки простор во кој постоела интимна атмосфера, значаен центар на информации, а берберот историски имал посебен општествен статус - вели авторката Искра Димитрова.

И во нејзината „берберница“, на ѕидовите се обесени фотографии што отсликуваат нечиј афинитет.

- Фотографиите, со „шепотот“ на женскиот говор, низ приказните на четирите влакна, ја заменуваат комуникацијата на машките басови која отсуствува. Влакната на фотографиите раскажуваат за сопствениците на отсутните тела. Односот што обично го имаме кон некое конкретно влакно е идентичен на односот што го имаме кон неговиот некогашен поседувач, кон неговиот идентитет и ерос, па аналогно нашиот однос кон едно конкретно влакно варира од гадење до привлечност - вели Димитрова.

Така, приказните од оваа „берберница“ од интимни стануваат поделени и јавни, како и во секоја вистинска берберница.

Н. Б.